Совет на Град Скопје
Këshilli i Qytetit të Shkupit

ЗАПИСНИК
од четириесет и третата седница на Советот на Град Скопје,
одржана на 05.05.2011 година,со почеток во 10,30 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Ирена Мишева, претседател на Советот на Град Скопје.

На седницата присуствуваа 45 членови на Советот и тоа: Азизи Хидајете, Андреевски Јосиф, Арсовски Петре, Бајрактар Ѓонул, Берат Али, Бичиклиски Александар, Близнаковски Слободан, Велковски Никола, Виларовски Игнат, Георгиевски Борче, Давчевски Драги, Додовски Марјан, Ѓуревски Тони, Иљоска Снежана, Јаковлевски Силјан, Јоксимовиќ Ненад, Караѓозовска Даниела, Качар Енвер, Куновска Софија, Лимани Раим, Марјановиќ Ѓорѓе, Мишева Ирена, Муслиу Ќемал, Новотни Антони, Наумовски Александар, Орана Идриз, Палоши Халиде, Паунов Горанчо, Попеска Жанета, Поповски Владо, Раниќ Перивоје, Савов Ѓорѓи, Саздова Дафинка, Симиќ Виолета, Славеска Драгица, Соколов Русе, Стефаноски Сашо, Стојановска Анета, Столеска Мара, Рецепова Теодосиевска Есма, Угриновски Слободан, Фазлиу Беким, Хаскај Аделина, Чоревски Благој и Шапуриќ Зоран.

Според бројот на присутните членови на Советот, претседателот констатира дека Советот на Град Скопје може да работи и полноважно да одлучува.

Потоа претседателот го предложи следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Поставување на советнички прашања

1000 Скопје, Илинденска бб
Република Македонија
тел.: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116 169

1000 Shkup, Ilindenska pn
Republika e Maqedonisë
tel.: +389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

По предложениот дневен ред, се отвори претрес.

Бидејќи никој не се јави за збор, претресот се заклучи и предложениот дневен ред се стави на гласање.

По спроведеното гласање, претседателот констатира дека со 27 гласа „за„ дневниот ред е усвоен.

Пред почетокот со поставување на советничките прашања, претседателот извести за постигнатата согласност на координаторите на советничките групи околу бројот, редоследот и времетраењето на поставувањето на советничките прашања.

По **првата точка** од дневниот ред - поставување на советнички прашања, се премина на поставување на прашањата.

1.Членот на Советот – Софија Куновска, ги постави следните советнички прашања:

1.Колку ќе чини изградбата на петте фасади на Градскиот плоштад, дали во текот на оваа година ќе се градат само две, а останатите во наредниот период и дали ако Град Скопје е надлежен за обнова на фасадата кај кафулето Тренд, тогаш зошто не е надлежен за отстранување на цврстата плаформа во сопственост на истото кафуле?

2. Кога ќе почне изградбата на Панорамското тркало и колку истото ќе чини?

3.Дали градската инспекција врши контрола за почитување на Одлуката за авто такси превоз со корегираната цена на превоз,колку лиценци досега се издадени од страна на Град Скопје, дали градската инспекција изрекува санкции за непримена и непочитување на одредбите од Одлуката за авто такси превоз и дали некој од инспекциските служби ќе сноси одговорност за несовесно вршење на својата работа?

4.Барам да ми се достави Записникот од веќе одржаната седница на Училишниот одбор на СУГС Здравко Цветковски на која не е прифатена оставката на директорот на училиштето, кога е одржана седницата и барам објаснување на законската постапка во кој одборот требаше да заседава по депонирање на оставката на директорот?

5. Барам да ми се објасни постапката за набавка на кантите за отпад односно зошто набавката не е спроведена преку ЈП Комунална хигиена како би се овозможило поврат на ДДВ на сметка на Град Скопје, туку е подигнат кредит во износ од 880 000 ЕУР каде што повратот на ДДВ се слева на сметка на државата, а долгот со камата ќе се врати во вид на кредит?

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.Градоначалникот одговори дека износот за обнова на фасадите е околу 240 000 ЕУР. Се планира обнова на неколку фасади во централното градско подрачје, при што е отпочната обнова на фасадата на зградата над Дал Мет Фу и рокот на изработка ќе биде 4 или 5 месеци. Ќе се врши обнова на фасадата на зградата кај кафулето Тренд, потоа од зградата кај Пелистер кон плоштадот Пела,првата фаза ќе се спроведе до пред зградата кај Пелагонија над Макпримат за кое има идејно решение за проект и ќе се објави тендер за изведба. Бидејќи постои уште една тераса од цврста градба на Телеком односно Т-мобајл, во соработка со службите на општина Центар одлучено е на кафулето Тренд и Т-мобајл да им се дозволи постоење на еден ваков вид на тенда од цврст материјал.

2.Градоначалникот истакна дека не се знае сеуште износот на изградбата на Панорамското тркало, бидејќи е распишан тендер за идејно решение кој е веќе завршен и следниот чекор е изработка на проект со дефинирање на буџетот на истиот по пат на преговори и откако ќе биде изработен проектот, ќе се знае финансиската конструкција на истиот.

3.Тој нагласи дека Комисијата за сообраќај на Советот на Град Скопје во изминатава една година беше активно вклучена во изнаоѓање на решенија за проблемот со такси превозот. Многу заинтересирани субјекти-такси компании беа засегнати од новата Одлука за авто такси превоз кои мораа до 15 април 2011 година да ги баждарат своите таксиметри и да ги прилагодат цените на превоз согласно новата одлука. Во консултација со претставниците на такси компаниите и надлежните служби во администрацијата на Град Скопје даден е налог до градските инспектори да вршат интензивна контрола на сите компании и такси возила дали истите ја почитуваат Одлуката за авто такси превоз, кои доколку не ја почитуваат ќе се преземат санкции согласно законот.

На првото, третото, четвртото и петтото прашање, беше побаран и писмен одговор.

2.Членот на Советот – Мара Столеска, ги постави следните советнички прашања:

1.До кога граѓаните ќе чекаат да го остварат правото на сопственост на своите станови поради сеуште неплатениот данок на промет од страна на Владата на РМ, со оглед на тоа што пред 14 месеци договорите се доставени до Градот?

2.Со оглед на тоа што веќе 4 месеци е во сила Законот за управување со пакување и отпад од пакување, кој целосно ќе се применува од 1.07.2011 година, прашувам до каде се активностите за склучување на договор на Градот Скопје со овластената фирма „Пакомак„ ?

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.Градоначалникот одговори дека овој проблем е познат и од страна на градот повеќе пати се доставувани писмени обраќања до Владата на РМ за негово решавање, меѓутоа потребното плаќање на данокот на промет од страна на Владата сеуште не е направено. На ова нема да се застане бидејќи тоа е обврска на Градот да се побаруваат овие средства и за таа цел ќе се продолжи со ургенциите ова да се реши за да немаат граѓаните повеќе проблеми.

Одговор : Зоран Лапевски, раководител на Секторот за комунални работи

2.По однос на второто прашање, раководителот одговори дека согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување, непостои обврска на Градот Скопје за склучување на договор со одредена фирма. Имено, еден од законските услови е заинтересираните фирми, за да може да ја добијат потребната лиценца за обавување на дејноста е да имаат склучено договор со единиците на локалната самоуправа. Оттаму, Градот Скопје заедно со Министерството за труд и социјална политика и со USAID, имаат склучено договор со фирмата „Пакомак„ за ангажирање на лица од ромската популација во врска со собирањето на тој отпад кој договор беше и основа за добивање на потребната лиценца.

3.Членот на Советот – Дафинка Саздова, ги постави следните советнички прашања:

1.Кога ќе отпочне реконструкцијата на тротоарите во централното градско подрачје и дали постои план со утврдена динамика на активностите?

2.Со цел да бидат информирани граѓаните по однос на активностите кои се во тек и се однесуваат на реконструкцијата на улиците во централното градско подрачје, прашувам кога се планира тие активности да завршат?

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.По однос на прашањето за реконструкција на тротоарите, Градоначалникот одговори дека за околу 20 дена, паралелно ќе отпочне и таа реконструкција, но обемот и бројот на реконструираните тротоари ќе биде зависно расположивите финансиските средства.

2.Во обемната активност која градот ја спроведува, а се однесува на реконструкција на улиците во централното градско подрачје, реконструирана е улиците „Мито Хаџивасилев Јасмин„ и тоа во рок од 1 месец, место предвидените 2 месеца. Во тек е реконструкцујата на ул.Васил Аџиларски (на потегот од Градската болница до мостот на р.Вардар), ул.Стив Наумов (од мостот на р.Вардар до Бул.Гоце Делчев), вклучително и реконструкција и на асвалтниот дел на мостот, ул.Кузман Јосифовски Питу, во двата смера (од новата железничка станица до Бул. Гоце Делчев), започната е реконструкцијата, во двата правца на Бул.Партизански одреди„ (од почетокот

кај „Тифани„ до „Рузвелтова„), а ќе започне и реконструкцијата на ул. Даме Груев. За сите набројани улици, освен за ул. Даме Груев, активностите се планира да завршат до крајот на месец мај.

Потоа за збор се јави членот на Советот-Игнат Виларовски кој упати процедурална забелешка по однос на поставувањето на советничките прашања во смисла на тоа истите, според содржината да непретставуваат политички маркетинг, што како укажување беше прифатено и од претседателот на Советот.

4.Членот на Советот – Слободан Угриновски, ги постави следните советнички прашања:

1.Со преземањето на активностите за реконструкција на Музејот на Град Скопје, при крај на минатата година, отстранета е пораката на Јосип Броз Тито, упатена по повод катастрофалниот земјотрес што го зафати Скопје во 1963 година. Од тогашниот директор на музејот, со писмено известување до Здружението на граѓани, почитувачи на ликот и делото на Јосип Броз Тито, ветено е дека по завршување на реконструкцијата, текстот, во иста големина, содржина и на истото место ќе биде вратен.
По промената на директорот на музејот, од информации добиени преку медиумите, даден е одговор од директорот дека музејот,согласно финансиските средства со кои располага, нема да биде во можност да ги спроведе овие активности.
Доколку е тоа така, предлагам да се организира и да се овозможи отварање на сметка која што ќе биде определена од градот или музејот, на која граѓаните или организациите ќе донираат средства што како износ недостасуваат на Музејот на Град Скопје. За ова, ако е потребно да се организира и заедничка средба со претставници од здруженијата на граѓаните, Градоначалникот на Град Скопје и тој како советник.

2.Барам да ми биде одговорено кои се имињата на улицата што се протега од Музејот на Град Скопје до плоштадот „Македонија„ и на улицита од раскрсницата пред поранешната печатница „Нова Македонија„ , покрај Соборната црква до Владата на РМ. Имено, според сознанијата, се употребуваат имињата „Ул.Македонија„ и „Бул.Св.Климент Охридски„ , а тие имаат свои законски имиња „Ул. Маршал Тито„ и „ Бул. ЈНА„ , што може да се потврди со копии од лични карти издадени во 2008 и 2009 година, на лица кои живеат на тие адреси. Вакви податоци постоја во Централниот регистар и за фирмите. Воедно, замоли Градот Скопје да ја користи терминологијата што ја користи Министерството за внатрешни работи.

3.По однос на спроведените активности за средување на просторот на средно Водно (уредување на околината, реконструирање и осветлување на паркинзите, изградба на куќички и с.л), што е за поздравување и што не е сторено од ниедно досегашно раководство, побара активностите да продолжат. За контрола на просторот и сузбивање на појавите во ноќните часови, да биде активно вклучена полицијата, а јавните претпријатија Комунална хигиена и Паркови и зеленило во сузбивање на појавата од оставање на кучиња и мачки скитници.

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.По однос на првото прашање, Градоначалникот одговори дека пораката на ѕидот на Музејот на Град Скопје ставена е во 1970 година,истата е обновувана на секои 3 години, се до 1998 година, кога е симната. Од тогаш па наваму останат е само лепакот и таблите на кои стоела пораката. Претходниот директор, поради лошиот изглед ги има отсрането таблите. За тоа како ќе се постапи понатаму, во која форма, време и начин, во договор со Музејот на Град Скопје, како градска институција, ќе се утврди како ќе бидат спроведени понатамошните активности.

2.Според сопствени сознанија, Градоначалникот одговори дека улиците се викаат „Ул. Македонија„ и „Бул.Св.Климент Охридски„ . Со проверка од страна на службите ќе се утврди како тие порано се викале, но од страна на Градот, состојбите со имињата на улиците се анализираат и во наредниот период ќе се спроведат активности за средување на состојбите.

3.Градоначалникот одговори дека Градот во содејство со ЈП „Паркови и зеленило„ , спроведе поголеми активности за средување на парк-шумата Водно. Така, средени се и осветлени се видиковците преку користење на соларна енергија. Во тек се активностите за средување на платото пред крстот кое ќе биде завршено до пуштањето на жичарницата со која ќе стопанисува Градот Скопје, најверојатно преку едно од јавните претпријатија. Средувањето на парк-шумата и понатаму ќе продолжи, во кој, како и досега, со конкретни активности, месечни обиколки и контроли, активно ќе биде вклучено ЈП „Паркови и зеленило„ ,инспекциските служби на Градот, Секторот за комунални работи и Секторот за заштита на животната средина и природата.

5.Членот на Советот – Александар Наумовски, ги постави следните советнички прашања:

1.Дали Градоначалникот на Град Скопје ќе преземе одговорност за злоупотреба на ЈП Водовод и канализација за дистрибуција на Отчетот на ВМРО-ДПМНЕ со возило на јавното претпријатие низ подрачјето на градот Скопје?

2. На кој начин е избрана Агенцијата за обезбедување Национал во СУГС Здравко Цветковски, дали изборот е извршен согласно прописите, дали агенцијата е избрана со доставена најевтина понуда за вршење услуга и која е сумата кој ја плаќаат учениците годишно за услугата обезбедување?

3. Кога ќе се реши акутниот проблем со сообраќајот пред раскрсницата кај црквата Св.Петар и Павле во општина Ѓорче Петров, бидејќи сведоци сме на многу сериозни сообраќајни незгоди кои можат да доведат до трагични последици по животот на граѓаните?

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.Градоначалникот одговори дека нема сознанија дека дистрибуцијата на Отчетот е направена со возило на ЈП Водовод и канализација, но истакна дека сериозно ќе се испита случајот.

2.Тој нагласи дека агенцијата е сигурно избрана по законска постапка, а колку финансиски средства и се плаќаат за вршење на услугата и дали има дадено најевтина понуда, дополнително ќе се одговори на прашањето.

3.Градоначалникот посочи дека асфалтирањето на кружниот тек кај СП Планет ќе се спроведе во периодот од 20 до 25 мај оваа година. Поради изградбата на споменикот на Ѓорче Петров беше одложен процесот на асфалтирање и додека не се постави споменикот, не постои можност за асфалтирање. За кружниот тек пред раскрсницата кај црквата Св.Петар и Павле има сообраќајно решение, се подготвува проект и се очекува во месец септември или октомври да се започне со работа.

На поставеното прво и второ прашање, градоначалникот одговори дека ќе биде изготвен и писмен одговор.

6.Членот на Советот – Халиде Палоши ги постави следните советнички прашања:

1.Колкава е реализацијата на двојазичноста во јавните претпријатија и двојазичноста на патоказните табли на подрачјето на град Скопје?

2. Поради кои причини не се предвидени средства во Буџетот на Град Скопје за 2011 година за новите наслови и инвентарот за читалната во библиотеката Цветан Димов иако овој проект беше одобрен од Градоначалникот на Град Скопје и изгласан од Советот на Град Скопје?

3.Во врска со работата на архивата во рамките на Град Скопје, има поплаки од граѓаните дека адресираните и доставените документи во архивата, не се доставуваат на наведената адреса и од вработените, по реакцијата на граѓаните зошто нема одговор на побараното, се добиваат одговори повторно да ги достават. Барам итно преземање на соодветни мерки?

На првото прашање, побаран е писмен одговор.

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

2.По однос на второто прашање, Градоначалникот одговори дека е запознат со потребите на оваа библиотека во Општина Чаир, која е дел од библиотеката „Браќа Миладиновци„. Со Буџетот на Град Скопје за 2011 година за оваа намена не се предвидени средства, но ќе се настојува при првиот ребаланс на Буџетот да бидат обезбедени тие средства и оваа година книгите да стигнат во оваа библиотека.

3.Градоначалникот, откако ја прифати примедбата за работата на архивата, нагласи дека лично ќе се заложи за подобрување на состојбите.

7.Членот на Советот – Силјан Јаковлевски, ги постави следните советнички прашања:

1.При посета на делегацијата на Град Скопје во март 2010 година на збратимениот град Истанбул беше покрената иницијатива за потпишување на Протокол за соработка од областа на образованието на средните училишта на Град Скопје Цветан Димов и Михајло Пупин со две средни училишта од Истанбул.Дали иницијативата е преточена во Протокол за соработка и кои активности досега ги имаат преземено и реализирано двете средни училишта со средните училишта од Истанбул. Барам да ми биде доставен на увид потпишаниот писмен Протокол помеѓу средните училишта „Михајло Пупин" и „Цветан Димов" со средните училишта од Истанбул?

2.Договорот за вршење услуги од областа на материјално-финансиското работење на средните училишта со фирмата Билансхит не е продолжен.
Која институција сега ги врши услугите на материјално-финансиско работење на средните училишта на подрачјето на град Скопје?

Одговор : Даниела Захариева Адамова, раководител на Секторот за образование

1.Таа истакна дека е склучен Протокол за соработка на нашите две средни училишта со двете турски училишта од Истанбул, при што Протоколот помеѓу СУГС Михајло Пупин и едното турско средно училиште е потпишан од двете страни, а Протоколот помеѓу СУГС Цветан Димов и другото турско средно училиште е потпишан само од средното училиште Цветан Димов и истиот е пратен во Истанбул за да го потпише и другата договорна страна. Еден од членовите на Советот на Град Скопје е директно вклучен во активностите за реализација на овој протокол и се очекува позитивен одговор од турската страна.

2.Таа одговори дека Град Скопје оваа година нема да склучи договор со фирмата Билансхит, бидејќи Министерството за образование дало согласност за финансирање на пет работни места-сметководители кои ќе ги вршат сметководствените услуги во сите 21 средни училишта на подрачјето на град Скопје. Постапката е завршена, беше распишан оглас на кој беа избрани пет сметководители кои ќе бидат вработени во пет средни училишта.

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

2.Градоначалникот истакна дека неколку години наназад, ЗЕЛС има остварено разговори со Министерството за финансии во врска со решавање на проблемот со сметководителите преку одобрување на средства со давање на блок дотации на средните училишта. На еден од последните состаноци со министерот за финансии се одобрија одреден број на вработувања кои ќе бидат финансирани преку блок дотации за училиштата во Република Македонија, вклучително и за средните училишта на подрачјето на град Скопје.

За Град Скопје се определија пет сметководители кои сепак се недоволни, при што заедно со Секторот за образование ќе се испита случајот и разгледа можноста за дополнително финансирање на уште неколку сметководители од страна на Град Скопје кои ќе работат на 3 до 4 средни училишта. На тој начин тие би им помогнале значително на директорите на училиштата на работат законски во делот на финансиското работење.

8.Членот на Советот – Жанета Попеска, ги постави следните советнички прашања:

Пред да ги постави прашањата, членот на Советот-Жанета Попеска се заблагодари за поставувањето на семафорите на ул.Крсте Мисирков, за чие поставување беше и иницијатор на една од седниците на Советот за поставување на советнички прашања.

1.Дали со активностите кој моментално се прават за реконструкција на улиците се излегува надвор од програмските активности и буџетските средства предвидени за тие активности?

2.Дали Градот предвидува да превземе одредени активности за осветлување на споменикот на просветителите „Кирил и Методиј„ , поставен на левата страна на реката Вардар?

3.До каде е постапката за враќање на сопственоста на одделни делови од просторот што се наоѓа по „Јужниот булевар„

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.По однос на првото прашање, Градоначалникот одговори дека е се во рамките на програмираното и со Буџетот планирано и дека овие активности, со полна одговорност се контролирани од Секторот за планирање и уредување на просторот.

2.За осветлувањето на споменикот на просветителите „Кирил и Методиј„ , Градоначалникот одговори дека по консултации со градоначалникот на Општина Центар за утврдување на надлежноста, ќе бидат преземени мерки за негово осветлување. Воедно, како дополнителна информација, Градоначалникот нагласи дека на тој простор, во тек се активности за уредување на плоштадот „Карпошово востание„ (поместување на инфраструктурата), со што ќе се овозможи непречено движење на граѓаните, по уреден простор, од Плоштадот Македонија до Скопската чаршија и обратно.

Одговор : Мичо Поповски, раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

3.По однос на третото прашање, раководителот нагласи дека токму деновиве е привршено собирањето на податоци за оваа траса кое беше доста обемна работа и како такви ќе бидат предадени на Секторот за правни работи за понатамошно процесуирање.

9.Членот на Советот – Ненад Јоксимовиќ, го постави следното советничко прашање:

1.Во рамките на активностите за реконструкција на улиците, дали е во план и реконструкцијата на улицата „Благоја Паровиќ„ во населбата Топанско поле.

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

Градоначалникот одговори дека точна е констатацијата дека оваа улица е во лоша состојба и зависно од расположивите финансиски средства ќе се утврди дали реконструкцијата ќе започне оваа или наредната година. За поцелосни информации, ќе биде изготвен и писмен одговор.

На прашањето, ќе биде доставен и писмен одговор.

10.Членот на Советот – Никола Велковски, ги постави следните советнички прашања:

1.Зошто објектот на ЈП Водовод и канализација не е отпочнат со градба, дали јавното претпријатие има прибавено одобрение за градба, чија сопственост е земјиштето на кое ќе се гради објектот, дали е затворена финансиската конструкција на проектот и зошто сеуште не е презентиран проектот пред Советот на Град Скопје?

2. Какви активности превзема Град Скопје околу изградбата на јавни тоалети на подрачјето на град Скопје?

3.Колку нововработени лица со договори за привремени вработувања и во редовен работен однос има во администрацијата на Град Скопје и во јавните претпријатија за периодот од 2009 година до сега?

Одговор: Сашо Лазаровски, директор на ЈП „Водовод и канализација„

1.Тој одговори дека проектите се изготвени и веќе следната недела на 9 мај завршува втората фаза од тендерот за изградба на зградата, основниот проект е завршен со сите спроведени ревизии и ќе се изврши отворање на финансиските понуди од понудувачите кои влегоа во втората фаза, при што ќе се спроведе електронска аукција за да се добие јасна претстава за финансиската конструкција на проектот за зградата. Во однос на дозволата за градба, земјиштето е во сопственост на државата и истото ќе се додели на Град Скопје согласно усвоената Одлука од Советот на Град Скопје која ќе се приложи како доказ за добивање на одобрение за градба како би можел да се активира договорот за градба со изведувачот. По завршување на постапката, ќе се изврши електронска презентација на проектот за објектот на ЈП Водовод и канализација.

Одговор: Мичо Поповски, раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

2. Раководителот нагласи дека изградбата на јавните тоалети согласно Законот за Град Скопје е во надлежност на општините.

На поставеното трето прашање ќе биде доставен писмен одговор.

11.Членот на Советот – Петар Арсовски, го постави следното советничко прашање:

1.Кога ќе се пристапи кон сообраќајно решавање на крстосницата пред Католичката црква.

Одговор : Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

Во одговорот Градоначалникот се согласи дека тоа е една од најпроблематичните крстосници во градот на која и се случуваат голем број на сообраќајни инциденти. Согласно ова, со претходна подршка на Советот, направен е тендер, спроведена е и при крај е постапката за јавна набавка и ќе се отпочне со реконструкција на Бул. Теодосиј Гологанов и оваа раскрсница ќе биде решена во рамките на овој булевар. Решението ќе биде булеварско и ќе се протега од поранешната печатница „Нова Македонија„ до студенскиот дом „Гоце Делчев„. Постоеја дилеми за семафори или кружен тек на сообраќајот и преовлада решението за кружен тек. Се очекува од овој месец да отпочне изградбата на Бул. Теодосиј Гологанов, во чиј склоп е и оваа раскрсница.

12.Членот на Советот – Виолета Симиќ, ги постави следните советнички прашања:

1. По кој избор, како и на кого се делени пластичните канти за отпад доделени со заем од Светска банка во износ од 880 000 евра и дали цената од 800 денари по канта е со пресметан ДДВ или без ДДВ?

2. Кој од администрацијата на Град Скопје има издадено дозвола односно налог да се постави ограда на градилиштето лоцирано на дел од Јужниот булевар после раскрсницата со бул.11 Октомври?

Одговор: Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.Градот Скопје, преку кредит од Светската банка кој го зема Владата на РМ, заедно со повеќе општини конкурираше за добивање на парични средства и овие средства како подзаем од тој кредит, Градот ги искористи за набавка на камиони и канти за смет за ЈП „Комунална хигиена„. Од набавените канти ќе добие секоја индивидуална стамбена единица, независно дали е во урбаниот или руралниот дел од градот, согласно евиденцијата и таму каде што чисти јавното претпријатие. Така, во Општина Ѓорче Петров, во одделни населени места (Волково, Ново Село и др.), каде има склучено договор за собирање на сметот од друго приватно јавно претпријатие, таму нема да бидат доделени

канти за смет. При првичната распределбата на кантите, присуството на Министерот за финансии беше како дел од проектот и набавените канти не претставуваат донација на Владата на РМ. Распределбата на кантите е по процедури утврдени од страна на јавното претпријатие.

Одговор: Мичо Поповски, раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

2.По однос на второто прашање, раководителот одговори дека дозвола за заградување на просторот, на сообраќајница каде треба да се гради, ја дава Секторот за сообраќај. Оградувањето на просторот и контролата во случај на било какво отстапување од дозволеното, е во надлежност на општината, во случајот на Општина Центар. Без оглед на кажанато, раководителот зема обврска, преку сообраќајните инспектори да биде констатирано дали има вакви отстапувања и соодветно интервенирано.

Одговор: Етула Амети- ЈП „Комунална Хигиена„-Скопје

1.Претставникот одговори дека јавното претпријатие започна со делењето на набавените канти и првично поделени се 400 канти и тоа во Општина Кисела Вода. Негдека од 9-ти мај ќе отпочне делењето на преостанатите канти во сите урбани и рурални делови од градот каде јавното претпријатие ја одржува комуналната хигиена, со динамика која е претходно утврдена. Се очекува сите активности да завршат во рок од 2 месеца.

На првото прашање, побаран е писмен одговор.

Веднаш потоа, за збор се јави членот на Советот – Софија Куновска која процедурално укажа дека од страна на советниците може да бидат поставувани советнички прашања во текот на седницата и покрај утврдениот број и реослед при координацијата на советничките групи и воедно побара на сите прашања за кои е побар писмен одговор, тоа да биде направено до 15.05.2011 година.

13.Членот на Советот – Драги Давчевски, ги постави следните советнички прашања:

1.До каде се активностите во СУГС Здравко Цветковски по оставката на директорот на средното училиште, дали оставката е процесуирана, дали е назначен ВД директор и кои се активностите на Училишниот одбор?

2. Дали е точна информацијата дека Град Скопје има пропуштено неколку грантови за енергетска ефикасност од фондовите на ЕУ во износ од 2 милиона евра поради задоцнување на рокот за аплицирање, за колку апликации се работи, кои се апликациите и дали има нови можности за достава на информации од Канцеларијата во Брисел?

3. До кога се планира хаосот со асфалтирање на улиците на подрачјето на град Скопје и дали е обебеден соодветен надзор за квалитет во однос на абење на асфалтот?

Одговор: Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.Градоначалникот истакна дека оставката на директорот на СУГС Здравко Цветковски е поднесена до Училишниот одбор на училиштето, истакнувајќи при тоа дека нема информација дали одборот одржал или не одржал седница. Согласно постапката за избор на директор, Училишниот одбор ги разгледува сите пристигнати кандидатури и му предлага на Градоначалникот кандидат за избор на директор, при што во моментов се чека одлуката на Училишниот одбор.

2.Тој одговори дека Канцеларијата во Брисел за краток временски период не може да се етаблира во тамошните европски структури за искористување на можностите за аплицирање за добивање на грантови и поволни кредити. Градоначалникот посочи дека нема информација во врска со пропуштање на роковите за аплицирање и случајот дополнително ќе се испита. Град Скопје интензивно побарува информации од Канцеларијата во Брисел, изразувајќи надеж дека ќе се изработи сериозен проект кој ќе се спроведе преку канцеларијата.

3. Во врска со санацијата на улиците, тој потенцираше дека Град Скопје се залага улиците да бидат санирани во што пократки рокови, при што се одржуваат редовни состаноци со изведувачите и надзорот кој го врши Секторот за планирање и уредување на просторот на Град Скопје и Градежниот институт на Македонија. Интензивно се работи и во втора смена, за викенди и празници за да може во што побрз рок да се асфалтираат улиците со потребниот квалитет.

На првото прашање, побаран е писмен одговор.

14.Членот на Советот – Ѓоранчо Паунов, ги постави следните советнички прашања:

1. Дали Градоначалникот на Град Скопје го одобрува проектот за изградба на споменик и фонтана на плоштадот во нас.Автокоманда, со оглед на тоа дека до темел е срушен постаментот за споменикот од страна на Општина Гази Баба кој чинеше 17 милиони денари, а сега се донирани 27,5 милиони денари од Министерството за култура за изградба на споменикот?

2. Кога конечно ќе се заврши со изградба на фекалната канализација на дел од ул.Алија Авдовиќ,нас.Синѓелиќ и с.Стајковци?

Одговор: Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

1.Изградбата и поставувањето на споменикот на плоштадот во населбата „Автокоманда„ , Градоначалникот нагласи дека како проект го одобрува и дека верува како таков ќе наиде на одобрување и од граѓаните.
За неговата изградба претходеше јавен конкурс, каде по извршениот избор, првите 3 идејни решенија беа наградени, а за тоа како се замислува просторот, на конкурсот беа доставени и макети. По ова, во предвид е земено првонаграденото идејно решение.
По однос на изграденото постамент, тој е изграден од изведувачот на работите со цел просторот да неостане празен и е еден бетонски ѕид, со дебелина од 15 до 20 сантиметри, во форма на елипса. Според вредноста ни 10% не чини од посочените 17 милиони денари. Во консултација со добитникот на наградата за изработка на споменикот и дополнителните размислувања за изгледот на постаментот кој се одлучи да биде релејфен, како и изградба на фонтана на која ќе има 4 човечки фигури, со повеќе програми, констатирано е дека постојниот постамент, со тие димензии не одговара и заради тоа тој се руши. Сето ова, по неговото дооформување, ќе претставува едно добро место за одмор на граѓаните.
2.По однос на прашањето за изградба на фекалната канализација што ги поврзува населените места Сингелиќ и с.Стајковци, Градоначалникот одговори дека неодамна Советот на Град Скопје донесе Одлука за меѓусебна соработка со Општина Гази Баба за изградба на фекалната канализација во местото „Економија„, според која Градот учествува со средства во висина од 15 милиони денари. Оправдан е револтот на граѓаните од овие населени места за решавање на ова прашање што е од животна важност, но по сознанијата со кои располага, во најбрз можен период ќе продолжи изградбата на оваа фекална канализација која ќе ги поврзе и овие населени места Стајковци и дел од населбата Сингелиќ. Инвеститор на овие активности е ЈП „Водовод и канализација„ и за ова нема одобрени никакви други па ни кредитни средства. Можно е делот од секундарната мрежа, што како крак оди преку „Економија„ да се реализира со обезбедени средства од Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање.

Веднаш потоа, за збор се јави членот на Советот-Софија Куновска која надоврзувајќи се на прашањата поставени од членовите на Советот- Драги Давчевски и Виолета Симиќ, побара, во писмените одговори да се достави и записник од одржаниот состанок на Училишниот одбор на СУГС „Здравко Цветковски„ каде оставката на директорката не е прифатена, која е законската процедура по однос на рокот во кој треба да заседава училишниот одбор по поднесената оставка на директорката и писмен одговор за постапката за набавка на пластичните канти за смет.

15.Членот на Советот – Ѓорѓи Савов, ги постави следите советнички прашања:

1.При изведување на градежните работи на Бул. Илинден, на тротоарите, на секој должен метар, на потегот од ул.„8-ми Септември„ до Карпош 4, беа оставени купчиња песок и место ЈП „Комунална хигиена„ да се грижи за нивно отсранување и хигиена на просторот, тие денски ги прскаа со вода. Затоа прашувам, дали инспекциските служби на јавното претпријатие имаат увид за ова и знаат што треба да се чисти?

2.Зошто не се почитува донесената Програма од Советот за одржување на јавната чистота, според која е утврдено миењето на улиците да биде во ноќните часови, а не преку ден и кој е одговорен за непочитување на истото.

Одговор: Етула Амети- ЈП „Комунална Хигиена„-Скопје

1.Претставникот на јавното претпријатие, по однос на првото прашање, ја потврди констатираната состојба, но појасни дека прво се прскал просторот, а потоа бил собран песокот со цел да не се крева прашина.

2.По однос на второто прашање, одговори дека јавното претпријатие врши секојдневно миење на улиците кој се под ингеренција на градот, во ноќните часови, додека општинските улици се мијат дење. Можни се одредени исклучоци, но тоа е секогаш кога има барање за интервенција од страна на граѓаните.

Одговор: Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје

Градоначалникот, како точна ја прифати забелешката упатена во прашањето на членот на Советот и нагласи дека во иднина максимално ќе се настојува тоа да не се повтори.

Со тоа седницата заврши со работа во 14,00 часот.

Составен дел на овој записник се и стенографските белешки водени на седницата.

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
м-р Ирена Мишева